**Date:** September 18th, 2007
**Source:** www.kurir.com.mk



ДОМА ВЕСТИ БИЗНИС ПОЛИТИКА СПОРТ СЦЕНА ВИДЕО LIFE AND STYLE ГАЛ

## Обука за користење на Европските фондови (ИПА II)

ЧЕТВРТОК, 18 СЕП. 2008 08:56

Дводневна обука во рамките на подготовките на земјите од Западен Балкан за користење на Европските фондови (ИПА II – Прекугранична соработка) ќе започне денеска во Скопје.

Овој регионален проект под наслов „Јакнење на институциите за прекугранична соработка“ (CBIB Cross Border Institution Building), се одржува со помош на Европската Унија (ЕУ), во соработка со Министерството за локална самоуправа.

Предвидено е обуката да ја посетуваат 60 лица од општините, јавните претпријатија, образованието и невладиниот сектор.

Целта на обуката е да ги подготви потенцијалните корисници на средствата од Програмите за прекугранична соработка (ИПА II) за подготвување на проекти, поднесување проектни предлози за грантови, како и за поднесување на апликациите за проекти. **/макфакс/**

http://www.kurir.com.mk/index.php/dizajn/4098-obuka-za-koristenje-ipa-fondovi